КАПИТАЛ БАНКА
НАПРЕДУВАМЕ ЗАЕДНО
20 ГОДИНИ

**МИСЛЕЊЕ**
**на Надзорниот одбор на Капитал Банка АД Скопје**
**за Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2017 година**

Друштвото за ревизија КПМГ изврши ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје, коишто ги сочинуваат билансот на состојба на Банката на 31 декември 2017 година, билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените во капиталот и резервите, извештајот за паричниот тек за годината која завршува на 31 декември 2017 година и прегледот на значајните сметководствени политики и други белешки.

Ревизијата на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје е спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и етичките стандарди кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење на ревизијата, ревизорите вклучија соодветни постапки за добивање на соодветни докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи и вклучија проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во финансиските извештаи.

Раководството на Банката е одговорно за изготвување и објективно презентирање на Финансиските извешати, во согласност со регулативата на НБРМ.

Надзорниот одбор го прифаќа извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ за извршената ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2017 година и истиот го смета за реален и објективен, а наодите за основани.

Претседател на Надзорен одбор,
Калина Василева Стефанова - Пеловска